

**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИ ОД ЕГЕЈСКА И ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“**

**Лефтер Методиев-Манче е познат светски естетски хирург, трансплантер и универзитетски професор. Тој е еден од малите великани, кои го поминаа македонскиот дел од пеколот, ги изодеа македонските планини, Европа и светот, но никогаш не заборавија дека се Македонци.**

Лефтер Манче е роден на 29 септември 1935 година во село Загоричани, Костурско, егејскиот дел на Македонија. Се родил како петто (од шест) дете во семејството Џидрови. Неговиот татко Методи, заедно со 72 мажи од селото бил затворен од монархофашистите во април 1945 година и осуден на 101 година робија на егејските

острови (1945 - 1961).

Во текот на Ѓраѓанската војна во Грција, неговата мајка Александра (Цана) и тројцата браќа (Димитар, Стево и Харила) загинале како партизани, а Лефтер го одгледувале неговата тетка Јана Манчева (сестра на мајка му) и тетинот Стево, по кои го носи и презимето.

По жестоките бомбардирања на македонските села во 1948 година, заедно со други деца од егејскиот дел на Македонија, Лефтер како тринаестогодишник бега преку преспанското село Љубојно и Битола во Будимпешта, Унгарија. Неколку месеци по доаѓањето во Будимпешта, децата бегалци биле распределени во прифатилишта во повеќе градови и села во Унгарија, а Манче бил со група од 21 дете од Загоричани.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**